Општина Прилеп
Локална самоуправа

Municipality of Prilep
Local government

Врз основа на член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр.199/2014, 42/2015, 44/2015,193/2015, 31/2016 и 163/2016), Комисијата за урбанизам од член 23, формирана од Градоначалникот на Општина Прилеп со Решение број 08-178/1 од 18.01.2018год. ја донесува следната:

**ОДЛУКА**

**За организирање на Јавен повик за доставување на иницијативи за изработка на Урбанистички планови**

**член 1**

Со оваа одлука се организира **Јавен повик** согласно со член 21 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 199/2014, 42/2015, 44/2015,193/2015, 31/2016 и 163/2016), во првиот квартал од 2018год.

**член 2**

**Соопшението** за организирање на Јавниот повик ќе биде објавено во дневен весник, на интернет страната на Општина Прилеп, www. prilep.gov.mk, на огласна табла во општината, во информацискиот систем е-урбанизам и преку објава во службеното гласило на општината.

**член 3**

**Јавниот повик ќе трае од** 26**.03.2018 до 25.04.2018од. – период од 31 ден** , сметано од објавата во јавните гласила од член 2 од оваа одлука.

**член 4**

**Предмет на јавниот повик е доставување на иницијативи** од сите заинтересирани физички и правни лица за изработка на нови Урбанистички планови, изменување и дополнување на постоечките Урбанистички планови или урбанистичко планска документација.

**член 5**

**Прифатените иницијативи** од Јавниот повик ќе бидат вградени во Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Прилеп за 2018год., како документација финансирана од подносителите правни или физички лица.

**член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во **"Службен гласник на Општина Прилеп"**

Број 08-1206/1

23.03.2018, Прилеп

ГРАДОНАЧАЛНИК
На Општина Прилеп
Илија Јованоски

ОБ-НВМ-02